Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 26, 3 септември 2009 година

септември 2009 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област текстилно инженерство на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање за наставно-научната област информациони системи на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор/реизбор на наставник по предметот Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество на Група за одделенска настава на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област трговско право на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа дидактика, методика и педагогија на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научната област општествени науки, подрачје социологија, по предметите Социологија на образованието, Основи на општествено уредување, Религиски системи (изборен), Мултикултурно образование (изборен) на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 57

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за областа финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област зрнесто-клубести култури на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ЕКОНОМСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, на седницата одржана на 25.6.2009 година, донесе Одлука (бр. 2602-58/7) за формирање на Рецензентска комисија за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје ***економски науки*** на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

1. доцент д-р Нако Ташков (претседател),
2. вонреден професор д-р Ристо Фотов (член) и
3. доцент д-р Никола Димитров (член).

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 129 и чл. 130 од Законот за високото образование и чл. 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“, Рецензентската комисија го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс од страна на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, објавен на 15.6.2009 година во дневниот весник „Вечер“, за избор на помлад асистент/асистент во научната област *економски науки* се пријавија кандидатите: м-р Душко Јошески, м-р Александар Николов и м-р Верица Бабамова.

Врз основа на пријавите и останатите потребни документи што ги приложија кандидатите при конкурирањето, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и ги истакнува своите констатации посебно за секој кандидат.

***Биографски податоци***

**М-р Душко Јошески** е роден во 1983 година, во Битола, Р. Македонија. Основно и средно образование - гимназија завршува во Битола. Високо образование, Економски факултет завршува во Прилеп (2002-2006) година, со висока просечна оценка 9,25 за што добива пофалница од Универзитетот „Св. Климент Охридски” во Битола.

По завршувањето на студиите, од 2007 до ноември 2008 година, добива стипендија од Британскиот комонвелт офис и се приклучува на Стафордшајр универзитетот во Велика Британија, каде што успешно завршува постдипломски студии од областа економија за бизнис анализа. Кандидатот ги задоволува критериумите за избор во асистент. Има завршена магистерска работа, со наслов *„Вложување во инфраструктурата и раст на БДП: Метарегресивна анализа“* се здобива со звање **магистер на економски науки.**

Кандидатот е добитник на престижната награда од Народна банка на Република Македонија за најдобар млад истражувач за 2009 година од областа на макроекономијата за неговата дисертација. Магистерскиот труд последователно беше објавен на веб-страницата на Народна банка на Република Македонија. Поле на интерес му се: макроекономија, микроекономија, економетрија, бизнис логистика, бизнис анализа, маркетинг, менаџмент и други економски и бизнис предмети.

***Работно искуство и членство во разни здруженија***

Во 2009 година волонтира во Министерството за финансии, Управа за имотно-правни работи во Битола, со договор на три месеци.

Претходно, неколку месеци волонтирал во Стопанска банка - АД Скопје филијала во Битола.

Член е на Македонското научно друштво - Битола, каде што објавува два стручни труда, а уште неколку се подготвени за печат.

***Научноистражувачка активност***
***Објавени трудови и трудови во печат***
(Објавените наслови имаат и превод во заграда)

1. Infrastructure investment and GDP growth: a Meta-Regression Analysis (Дел од магистерската работа, објавена во МНД, ,,Прилози,“ бр.09-10, Битола, 2008 година. Вложување во инфраструктурата и раст на БДП: Метарегресивна анализа, магистерска работа објавена во целост на веб-страницата на Народна банка на Република Македонија.)
2. Monopolistic competition: Critical evaluation of the theory of monopolistic competition with specific reference to the seminal 1977 paper by Dixit and Stiglitz (Критичка евалуација на теоријата на монополистичка конкуренција со специфичен осврт на стручниот труд од Диксит и Стиглиц од 1977 г., МНД, ,,Прилози“ бр. 12-13, 2009 г.)

***Познавање на странски јазици***
Уверение за познавање на англиски јазик, заверено на нотар.

***Препораки од професори за професионални квалитети***

– Препорака од проф. д-р Адријана Ристеска, редовен професор по Маркетинг и маркетинг-менаџмент, Економски факултет - Прилеп;
– Препорака од проф. д-р Каролина Илиеска, вонреден професор по Маркетинг информационен систем и Истражување на пазарот;
– Препораки од странство.

***Биографски податоци***
**М-р Александар Николов** е роден во 1983 година, во Штип, Р. Македонија. Високо образование, на Стопанска академија, специјалност - јавна администрација, завршува во Свиштов, Р. Бугарија (2001-2006 година).

По завршувањето на студиите, од 2006 до 2007 година, се запишува и завршува постдипломски студии, со што се стекнува со диплома **магистер од областа јавна администрација**, на Стопанската академија во Свиштов, Р. Бугарија.

***Работно искуство и членство во разни здруженија***
Во 2009 г. волонтира во Центарот за развој на Источниот плански регион на Општина Штип.

Во 2008 г. е координатор на хотелско работење во Варна, Р. Бугарија.

Во 2006 г. е практикант во Собрание на Општина Штип.

Во 2004 г. е вклучен во Програма за размена на студенти во Америка.

*Кандидатот за наведените пракси нема доставено документ.

***Биографски податоци***
**М-р Верица Бабамова** ги нема доставено соодветните документи кои беа наведени во Конкурсот, во периодот на неговото траење.

Нема доставено диплома за завршени соодветни магистерски студии, потврда за познавање на странски јазик и др.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид научноистражувачкиот и стручниот опус на кандидатите м-р Душко Јошески, м-р Александар Николов и м-р Верица Бабамова, Комисијата смета дека само кандидатот м-р Душко Јошески ги исполнува критериумите за избор и има постигнато забележителни резултати во своето научноистражувачко и работно искуство.

Согласно со Правилникот за единствените критериуми и постапки за избор, кандидатот м-р Душко Јошески ги задоволува критериумите за избор во асистент: се служи со еден од светските јазици, не е постар од 30 години, има објавено 2 труда во земјава и 2 во странство, има одбранета магистерска работа, објавена магистерска работа на веб-страницата на Народна банка на Р. Македонија, добитник е на стручна награда; има неколкумесечно работно искуство во институции од сферата на економските науки и е член на Македонско научно друштво - Битола. Тоа, значи дека ги исполнува основните услови за избор.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Душко Јошески ги исполнува условите според Конкурсот и Критериумите за избор.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, согласно со членовите 129 и 130 од Законот за високото образование, **да го избере м-р Душко Јошески во помлад асистент за научното подрачје *економски науки*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Нако Ташков, доцент, претседател, с.р.**

**Д-р Ристо Фотов, вонреден професор, член, с.р.**

**Д-р Никола Димитров, доцент, член, с.р.**